Бр./Nr 12 - 1204/2

26-02-2021 г./v.

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Државната комисија за спречување на корупцијата, врз основа на член 22 и 23 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр.12/19) и член 40 и 41 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по пријава поднесена од познат подносител – ---------------------------- од -----------, на продолжението на 46-тата седница одржан0 на 19.02.2021 година ја донесе следната

**ОДЛУКА**

Пријавата поднесена од познат подносител – ------------------------- од --------, до Државната комисија за спречување на корупцијата, врз основа на која е оформен предмет со број 12-1204/1 од 19.02.2020 година, **СЕ ОТФРЛА**.

Согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, Државната комисија за спречување на корупцијата по разгледување на содржината на пријавата утврди дека нема елементи за надлежно постапување.

Предметот со број 12-1204/1 од 19.02.2020 година да се затвори и да се архивира.

До подносителот на пријавата да се достави Одлуката на ДКСК, со образложението.

Одлуката на ДКСК, со образложението, во деперсонализирана форма, да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

**Образложение**

Предметот со број 12-1204/1 од 19.02.2020 година е оформен врз основа на добиена пријава од познат подносител – -------------------------- од ----------.

Во пријавата, насловена како „извештај", подносителот укажува на како што самиот наведува – сплетки од лице со име -------, наводно полициски службеник од Скопје, судии, вештаци, геометри, катастар. Подносителот наведува дека на 06.02.2020 година добил од геометри „----------------------" за размерување на 07.02.2020 година на место-нива, во чија што канцеларија на подносителот му било кажано дека истото ќе се изврши по судска пресуда бр.ВПП 1-7/18 од 26.09.2019 година, која што судска пресуда тој наведува дека ја нема добиено. Поради овие причини подносителот на 07.02.2020 година го стопирал геометарот да не размерува и побарал претходно да му направи и да му достави извештај. Подносителот исто така наведува дека остварил разговор со лице вработено во катастар и укажал дека овие дејствија се незаконски бидејќи земјиштето им било поделено со жрепка од таткото, а судиите во ------------ направиле незаконска замена на земја. Понатаму, наведува дека лицето ------------- ја обработува неговата земја и поради сето ова бара од Државната комисија состојбата да се врати како по стариот судски договор од 1983 година.

Во продолжение на пријавата се наведува дека судијата -------------------- од ---------- му кажал на подносителот дека неговиот судски договор не важел и не значел ништо. Подносителот наведува дека вештакот и геоматар од -------------------- и судијата ------------------- од ---------- ја направиле оваа незаконска работа и дека тука е сомнежот за корупција.

Адреса: ул. Даме Груев бр.1, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Dame Gruev nr.1, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk

При разгледувањето на наводите содржани во пријавата, Државната комисија за спречување на корупцијата ги зема во предвид наводите на подносителот и констатира дека во случајот станува збор за наводи по прашања поврзани со надлежно постапување на друг орган. Имено, доколку станува збор за незадоволство од судска пресуда подносителот има на располагање правни лекови кои може да ги искористи, а доколку станува збор за преиспитување на работа на судија по конкретен предмет или незаконитости во судска постапка може да се обрати до Судскиот совет на Република Северна Македонија.

Врз основа на вака утврдената фактичка состојба, Државната комисија за спречување на корупцијата оцени дека нема елементи за нејзино надлежно постапување по предметот согласно членот 17 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси.

Имајќи го предвид горе наведеното, Државната комисија за спречување на корупцијата, врз основа на членот 22 и 23 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19), одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

По заклучок на седница на ДКСК:
Изработил: м-р Б.К.Ш, Советник
Одобрил: м-р В.Г, Член на ДКСК

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Заменик Претседател**
**м-р Шемши Салаи**